За Косте Кусаковски

Тежок растанак со ранет партизан

Од како ги сместивме останалите партизани на сигурно место,ние двајцата останавме сами.Во мугрите се префрливме во еден дол,обраснат со трње и под една грмушка,со ~~својот~~ војнички нож,начинивме засолниште.

Во тој студен и лапавичен есенски ден во 1942 год.тука во долот сматравме дека сме сигурни од непријателот,кој на сите страни тра гаше за нас.Седевме покрај слабиот оган кој едва го разгоривме и си спом нувавме за големите апсења од бугарската полиција на другарите,за акцијата,на нашиот одред "Даме Груев" во село Сопотско-Преспа,за сместајот на останалите наши другари,за Свештарот,за нашиот опстанок...Во тој момент долот го пресече некаква човечја силуета.За миг се најдовме на штрек.Непријателот /шпионот/ беше во наши раце.Не знаеме да ли е сам или ...Провалени сме или случајно е на лов...Размислуваме...Италијанците се во непосредна близина,збират некака и се прегрупуват во непосредна близина на селото.Шпионот во погоден момент,тешко го рани Костета и изчезна...Кога чув пукот,дотарчав на местото,но што ќе видам.Косте тешко дишеше и целиот облеен во крв...Кроз заби шепотеше,ми кажуваше за случајаот,но ја ништо не разбирав...Го зедов да го носам кој уште на нозе стоеше,да му укажам помош и далеку да избегаме од долот...Шпионот во секој момент може да им јави на италијаните за настанот...Го носев под рака,но наеднаш ми се омалакса и падна на земја.Со шепот и солзи на очите,ме молеше и прегарнуваше да го доотепам...Ме молеше за она што никогаш немозев да го направам во тие моменти...Жив не сакаше нигде да се појави после настанот,животот ~~го несакаше~~ му беше огорчен.Го тешив и убедував,дека ќе се излечи-и ако самијот во тоа небев убеден.Мислев дека е све свршено...

Повторно го дигнав,го носев,но тоа беше кратко и последно носење од мене.Така носејќи го префрлен врз мене,не чувствувајќи е опсноста што сам Косте си е подготвува...Го носев со мисла,што подалеки да се одалечиме...Но се деси она во тој момент што не го очекував...

Во еден миг го извади својот нагант,со последни сили и мисли што ги имаше...Подобро да не сум жив,од колко што сум...и самијот се застрела во стомакот,самијот се облее со својата врела крв...Кога го видов тоа,~~xxxxx~~ пострашно од предходното,ми застана здивот и за малко се воздржав,целијот бев изгубен од ужасот,мислев дека е готово,свршено со нас.Ништо не остануваше друго за мене,сем да го сторам и јас она што го направи Косте и покрај него да останам ...Во последен момент,од таја зглобна мисла се отргнав,со верба за одмазда на Костета-~~xxxxxxx xxxxxx~~.Со последни сили со шепот при паѓањето на земја ми го прозбори: Ах тој проклет издајник...~~Бегај xxxxx~~,ти спасувајсе...Мене не ме жалите но да ме одмаздите.Ветивањето беше исполнето...Пак и за последен пат се прегарнавме,се опростивме,со последни сили и вкочени прав поглед... Тешко и мачно ми беше да се разделам од својот ~~братучед - другар~~...~~Но немаше друг излез~~,во секој момент очекував потера...

Косте уште жив беше одведен кај карабинерите.Со стиснати тупаници ги поздравуваше своите другари и соселани кога носеја низ село.Беше стаотно мачен и иследуван...Но сите напори на непријателот остнаја безуспешни.Му приносија хартија и молив,писмено да одговара на прашање,пошто неможеше да говори,во уста беше ранет и немаше сили да говори...И стегаше забите и молчеше како нем...Непријателот,беше бесен но и упорен.Од време на време ќе напишеше на хартијата. "Нас не има много,народот ни храни и чуват,народот е со нас."~~Xxxxx~~ Се редеја прашања да дознат нешто,но како и предходните одговори беја со незнам.Со изнуда мислеја нешто да успеат.Но Косте стануваше уште по нервозен,ке ја фрлеше хартијата и моливот...Последните зборови што ги напиша Косте беја:"Јас сум комунист,ништо не признавам и како таков сакам да умрам-~~xxxxxxxxxxxxxxx~~ она што го барате од мене да дознаете,никогаш нема да го дознаете-проклети издајници".Со последни напори сакаше да се дигни,да се нафрли врз иститe,но повише немаше сили.~~Xxxxпоследниxxxxxxx~~ Овие ли се што ви хранат и испратија во шума -покажувајки на притворените другари што работаја за НОП.~~Со последен благ поглед~~

Со последни сили Косте се свти кон другарите,љубезно и погледна и со благ и изкарвавен поглед,како да сакаше дам кажи-не се плашите,решен сум да заjгинам,но никого нема да изадам.Другарите,коj сепак беjа во рацете на на неприjателот...одахнаjа,кога ништо не изусти Косте.

Неприjателот бесен од неуспехот да дознае за останалите другари-партизани,за Свештарот,за соработниците на НОП.ги собра селаните ...Со тоа мислеше дека ке го заплаши населението...Со врзани очи-како да се плашеjа од неговиот укочен поглед,пред собраниот народ го изведоjа и за една jаболшница го врзаjа,прет построjените фашистички воjници коj беjа наредени во плотунски строj,чекаjки команда за плотунски огин...

Така во 1942 год.во месец октомбар,го застрелаjа друг.и моj братучед,член на КПЈ.од 1941 год,во своjата 19 година,Костета Перев Кусаковски од с. Подмочани -Преспа,партизан од одредот "Даме Груев".

Косто